РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: г-ѓа Анета Митрова
anetamitrova@yahoo.com

Бр. 03 - 9

Скопје 29.04.2020г.

Предмет: Одговор на претставка

Почитувана г-ѓа Митрова,

По Вашата претставка (наш арх.бр. 03-9 од 21.04.2020 година) за несоодветно класифицирани македонски играни филмови на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, Агенцијата спроведе вонреден мониторинг, на 17, 18 и на 20 април 2020 година, кој покажа дека наводите во Вашата претставка се основани. Оттаму, во Извештајот од надзорот е констатирано прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за заштита на малолетниците и е предложена мерка.

Што се однесува на Вашата забелешка дека мерката – јавна опомена, не дава посакуван ефект врз уредувачката одговорност на радиодифузерите, Ве известуваме дека Советот на Агенцијата ги изрекува мерките во согласност со член 23 од Законот. Мерката јавна опомена се изрекува за секое прекршување сторено за првпат во тековната година. Ако радиодифузерот и покрај изречената мерка јавна опомена, продолжи со вршење на истата повреда на Законот во тековната година, Советот на Агенцијата поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

Деталите од мониторингот / анализата на програмскиот сервис на ТРД ТВ МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, Ви се достапни од извештајот објавен на www.avmu.mk - веб-сајтот на Агенцијата.

Ви благодариме за соработката.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Директор

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Агенција за аудио и
аудиовизуелни
медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје